Друштво за хотелиерство,угостителство
туризам и трговија
ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД
Бр. 02 – 274/9
10.05.2019 година
ОХРИД

Врз основа на член 21 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид, член 22, 287,417,418 и 419 од ЗТД, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 10.05.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измена на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ А.Д.Охрид**

(1) "Се усвојува Одлуката за измена на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија Хотели-Метропол А.Д. Охрид".

**Член 1**

Се менува член 10 став 1 и истиот гласи:

"Основната главнина на друштвото се состои од 1.035.000 обични акции со номинална вредност од 5.175.000,00 евра.

**Член 2**

Се брише во целост член 11 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија Хотели-Метропол А.Д. Охрид.

**Член 3**

Се менува член 14 од Статутот, кој по бришењето на член 11 станува член 13 и истиот гласи:

"Акциите се запишуваат во книга на акции на Друштвото која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма во која се наведуваат:

- Име и презиме на акционерот
- Единствен матичен број на лицето кое што ги запишува акциите
- Број на пасошот, односно број на лична карта (ако акционерот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот –важечка во неговата земја и неговото државјанство
- Место на живеење (адреса)
- Ако акционерот е правно –фирма, седиште и ЕМБС
- Број на запишани акции

- Оптоварувања на акциите определени со закон и статут и забрани изречени со одлука на судот

**Член 4**

Се менува член 25 од Статутот, кој по бришењето на член 11 станува член 24 и истиот гласи:

"Собранието на Друштвото се свикува со објавување на јавен повик до акционерите.

Јавниот повик се објавува на половина страница на еден дневен весник што излегува на Целата територија на Република Северна Македонија, на насловната страница од својата официјална интернет страница и на официјалната интернет страна на берзата.

Јавниот повик ги содржи податоците предвидени согласно Закон за трговски друштва, за датумот и часот на одржување на седницата, местото на одржување на седницата, дневниот ред и начинот на кој ќе бидат достапни подготвените материјали за Собранието кое е свикано.

Јавниот повик за одржување на седница на Собрание на Друштвото, содржи опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седницата на собранието согласно ЗТД.

Од денот на објавување на Јавниот повик до денот на одржување на Собранието, рокот не може да биде пократок од 30 дена.

Во јавниот повик за одржување на Собранието на друштвото треба да биде наведена официјалната интернет страница на друштвото на која ќе бидат достапни следните иформации:

- Содржина на јавниот повик за седницата на собрание на друштвото
- Вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, вклучително и вкупен број на акции од секој род и класа
- Документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието на друштвото
- Предложените одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на собранието на друштвото
- Предложените одлуки од акционерите кои друштвото веднаш откако ќе ги прими треба да ги објави
- Обрасци за гласање преку полномошник подготвени за преземање електронски од страна на акционерите. Во случај ако друштвото на акционерите не им ги направи обрасците достапни за електронско преземање од неговата интернет страница, тогаш на истата страница друштвото објавува како обрасците може да се добијат во писмена форма и на свој трошок, а по барање на акцинер, ги доставува обрасците.

**Член 5**

Се менува член 28 од Статутот, кој по бришењето на член 11 станува член 27 и истиот гласи:

"Секој акционер може да овласти полномошник на седницата на собрание на друштвото со давање полномошно во писмена форма без обврска истото да се завери на нотар. Акционерот кој го дал полномошното треба веднаш да го извести друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

За полномошник на акционер не може да биде определен:

-член на Одборот на директори и член на неговото потесно семејство;

-раководно лице во друштвото или член на неговото потесно семејство;

-член на органот на управување, вработен или овластен ревизор на поврзани или зависни друштва, вклучително и членови на неговото потесно семејство;

-застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштвото или од друго правно лице што е во сопственост на друштвото;

-вработен или овластен ревизор во друштвото

**Член 6**

Во член 34 се менува став 1, кој по бришењето на член 11 станува член 33 и гласи:

"Одборот на директори брои четири члена од кои еден извршен член и три неизвршни члена од кои еден независен.

Во истиот член во ставот 3, зборовите "два извршни члена", се заменуваат со зборовите "еден извршен член".

**Член 7**

Во член 35 се менува став 1 алинеја 1, кој по бришењето на член 11 станува член 34 и гласи:

"вршење надзор над водењето на работењето на Генералниот директор".

**Член 8**

Во член 36, став 1, алинеја 2, кој по бришењето на член 11 станува член 35 зборовите "ИЗВРШНИТЕ ДИРЕКТОРИ" се заменуваат со зборовите "ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР.

Член 36 став 1, алинеја 7, кој по бришењето на член 11 станува член 35 се менува и гласи:

"-Донесување одлуки за склучување на договори за инвестициони вложувања, стекнување и отуѓување на недвижности и слични одлуки кои не спаѓаат во надлежност на Собранието и Генералниот директор. "

**Член 9**

Член 38, кој по бришењето на член 11 станува член 37 се менува и гласи:

"Изборот на извршниот член се врши со едногласна одлука од сите членови на Одборот со мандат од 4(четири) години.

Извршниот член го носи називот ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР.

Извршниот член на одборот на директори треба да е во редовен работен однос во друштвото и односите со него, односно правата и обврските помеѓу него и друштвото ќе се уредат со посебен менаџерски договор."

**Член 10**

Во член 39 став 1, кој по бришењето на член 11 станува член 38 зборовите " Извршните членови" се заменуваат со зборовите "Извршниот член"

**Член 11**

Во членот 50 став 2 зборот, кој по бришењето на член 11 станува член 49, "Извршниот" се заменува со зборот "Генералниот".

**Член 12**

По бришењето на член 11 од Статутот доаѓа до промена на редоследот на членовите во Статутот од член 11 до член 54 односно член 12 станува член 11 и последователно на тоа членовите го намалуваат за еден број редоследот со тоа што член 54 станува член 53.

**Член 13**

По глава 8 се додава нова глава која носи наслов ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА и тоа по член 54 односно по намалувањето на бројот согласно член 12 од оваа одлука (нов број член 53) се додаваат нови членови и тоа:

"Глава 9 ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

Член 54

За голема зделка се смета зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција) или меѓусебно поврзани зделки, доколку таквата зделка, односно зделки се однесуваат на стекнување или отуѓување, или на можно отѓување, директно или индиректно на имот на друштвото чија што вредност изнесува над 20% од сметководствената вредност на имот на друштвото определена врз основа на последните финансиски извештаи на друштвото, со исклучок на зделки поврзани со стекнување преку запишување обични акци на друштвото и зделки поврзани со стекнување на конвертабилни обврзници.

Одлуката за одобрување на секоја голема зделка којашто се однесува на имот чија што вредност е проценета над 20% од 50% од сметководствената вредност на друштвото, се донесува со согласност на сите членови на Одборот на директори.

Ако не се постигне согласноста од ставот (2) на овој член за одобрување на голема зделка, одлуката ја донесува Собранието со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од мнозинството од претставените акции на собранието со право на глас.

Одлуката за одобрување голема зделка, чијшто предмет е имот чијашто вредност е проценета над 50% од сметководствената вредноста на имотот на друштвото, се донесува со мнозинство

гласови кое што не може да изнесува помалку од дветретини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Одборот на директори на собранието му поднесуваат писмено известување за големата зделка, во коешто наведуваат дека собранието треба да го разгледа предлогот за големата зделка и нивната препорака, вклучувајќи го и исказот за правото на акционерите да не се согласат со големата зделка. Во писменото известување се наведува страната, односно страните на зделката, корисникот односно корисниците на зделката, вредноста, предметот, обемот и другите материјални услови на зделката.

Голема зделка, извршена спротивно на одредбите на овој член е ништовна.

Член 55

Секоја зделка (вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција) во која заинтересираната страна е член на Одборот на директори, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер во друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото, или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна и се извршува од страна на друштвото во постапка во согласност со одредбите од овој Статут и ЗТД.

Во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна се применуваат одредбите предвидени во Законот за трговски друштва за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

Се смета дека лицето од став 1 на овој член е заинтересирана страна и има интерес во извршувањето на зделката од страна на друштвото доколку тоа лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајцата родители или само од едниот родител, родители-посвоители, посвоени деца, и/или некое лице поврзано со нив (во понатамошниот текст -заинтересирана страна):

1.е страна на таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка, или

2.поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна на зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка, или

3.е член на органот на управување, односно надзор на правното лице кое е страна на зделката, нејзин корисник или застапник во таквата зделка, или е раководно лице на тоа правно лице.

Член 56

Лицата од член 55 од овој Статут се должни да го известат Одборот на директори:

1.за друштвата во кои тие сами или заедно со поврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од уделот, односно акции со право на глас,

2.за друштвата во чиишто органи имаат управувачки функции,

3.на нив познати тековни или можни зделки, во кои се заинтересирана страна.

Член 57

Пред донесување на одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на

меѓусебните поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрување на зделката надминува 10% од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, е потребно мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

Член 58

Друштвото може да ја реализира зделката со заинтересирана страна само доколку пред одобрувањето на зделката е добиено мислење од овластен ревизор.

Член 59

Претходните одредби што се однесуваат на прибавувањето претходно мислење од овластен ревизор нема да се применуваат кога друштвото врши исплата на дивиденда и издава хартии од вредност.

Член 60

Друштвото по целосно реализирање на зделката со заинтересирана страна, веднаш а најдоцна наредниот работен ден, ќе објави известување за реализираната зделка со заинтересирана страна во најмалку еден дневен весник, на веб страната на друштвото и на веб страната на овлатена берза.

Известувањето од став 1 од овој член содржи податоци за предметот и вредноста на реализираната зделка, добивката од реализираната зделка, лицата кои во зделката се заинтересирана страна, природата на односите со поврзани страни, како и други информации во врска со интересот на лицето, односно поврзаните страни во зделката."

**Член 14**

По додавањето на глава 9 со наслов ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА, постоечката Глава 9 со наслов Деловна тајна станува Глава 10, Глава 10 со наслов Измени во Статутот станува Глава 11, Глава 11 со наслов Престанок на друштвото станува Глава 12, Глава 12 со наслов Преодни и завршни одредби станува Глава 13.

Исто така по додавањето на новите членови се менува и бројот на членовите и тоа: член 55 станува член 61, член 56 станува член 62, член 57 станува член 63, член 58 станува член 64, член 59 станува член 65, член 60 станува член 66, член 61 станува член 67, член 62, станува член 68, член 63 станува член 69, член 64 станува член 70, член 65 станува член 71, член 66 станува член 72, член 67 станува член 73, член 68 станува член 74.

**Член 15**

Се менува член 69 од Статутот кој по промена на редоследот на членовите станува член 75 и истиот гласи:

"Овој Статут влегува во сила со денот на негово донесување."

**Член 16**

Се брише член 70 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија Хотели-Метропол А.Д. Охрид.

**Член 17**

Се овластува Одборот на директори по донесувањето на оваа Одлука од страна на Собранието на Друштвото, да изготви пречистен текст на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија Хотели-Метропол А.Д. Охрид.

**Член 18**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување од страна на Собранието на акционери на Друштвото.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно поднесената иницијатива за измена на Статутот на Хотели-Метропол А.Д. Охрид од Одборот на директори, Одборот на директори постапувајќи по член 417 од Законот за трговските друштва ја утврди горенаведената предлог одлука за измена на Статутот на друштвото и му предлага на Собранието на акционери да ја усвои на седницата закажана за 10 мај 2019 г одина

Измената на Статутот се предлага поради поекономично и поефикасно работење на Одборот на директори со надеж дека истата позитивно ќе се одрази на работењето најпрво на Одборот на директори а понатаму и на самото Друштво. Исто така измената на Статутот е предложена за истата да соодветствува на реалната состојба на акциите како и усогласување со постоечките законски одредби.

Претседавач со Собрание

"ХОТЕЛИ - МЕТРОПОЛ" А.Д. Охрид